# З А П И С Н И К
## Од Триесет и третата седница на Програмскиот совет на МРТ одржана на 05.03.2026 година, во 14:30 часот, сала за состаноци во МРТ

Присутни членови на Триесет и третата седница на Програмски совет на МРТ: *Давор Пашоски, Ивана Ефремовски, Бурим Рамадани, Беким Лачи, Билјана Бабиќ, Патриот Лумани, Владимир Палашевски, Томислав Кежаровски, Миле Грозданоски и Марјан Велевски.*

Онлајн присутни на седницата: *Музбајдин Ќамиљи, Маја Седрак и Лазо Трпков.*

Други присутни на седницата: *Сузана Николовска Раководител на одделение за сметководство и Немања Михајловиќ монтажер 2 во Одделение за монтажа – претседател на Централна пописна комисија.*

Триесет и третата седница на Програмскиот совет започна во 14:44 часот со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Триесет и третата седница, како што следува подолу:

**Дневен ред:**

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 32-та седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Усвојување на Статут по добиена согласност од страна на Надзорниот одбор на МРТ**
3. **Разгледување и усвојување на Извештајот за извршениот редовен Годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ, со состојба на 31.12.2025 година**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 32-та седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Триесет и втората седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 2. Усвојување на Статут по добиена согласност од страна на Надзорниот одбор на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет ја отвори втората точка од Дневниот ред и рече дека точката се однесува на донесување на Статутот на ЈРП МРТ, по претходно добиена согласност од Надзорниот одбор.

Најнапред тој потсети на законската рамка што ја регулира оваа постапка.

Согласно член 124 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Програмскиот совет на МРТ има надлежност да го донесува Статутот на јавниот радиодифузен сервис. Истовремено, согласно член 129 од истиот закон, за донесување на Статутот е потребна претходна согласност од Надзорниот одбор на МРТ. Овие законски одредби се рефлектирани и во важечкиот Статут на МРТ.

Така, согласно член 37 од Статутот на МРТ, Програмскиот совет е надлежен да го донесе Статутот на МРТ, додека согласно член 51 од Статутот, Надзорниот одбор дава согласност на Статутот.

Дополнително, важно е да се истакне дека согласно член 132 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот на МРТ го предлага Статутот на јавниот радиодифузен сервис. Оваа законска одредба е соодветно преземена и во член 60 од Статутот на МРТ, според кој директорот го предлага Статутот до Програмскиот совет.

Во однос на Статутот во изминатиот период беше спроведена целосната постапка предвидена со закон:

- директорот на МРТ го предложи текстот на Статутот;
- текстот беше разгледуван во Програмскиот совет;
- беше спроведена јавна расправа и беа вградени релевантни забелешки;
- финалниот текст беше доставен до Надзорниот одбор;
- Надзорниот одбор даде согласност по Статутот.

Со тоа се исполнети сите законски и статутарни услови за негово донесување.

Имајќи предвид дека постапката е спроведена во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, е добиена согласност од Надзорниот одбор, а текстот е усогласен со законската рамка, Претседателот предложи Програмскиот совет да ја донесе Одлуката за донесување на Статутот на ЈРП МРТ.

Претседателот Давор Пашоски ја стави на гласање Одлуката за донесување на Статутот на ЈРП МРТ:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Со донесувањето на оваа одлука Програмскиот совет ја завршува својата законска надлежност во постапката на донесување на Статутот.

Дополнително, согласно член 132 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 60 од Статутот директорот на МРТ ја претставува и ја застапува МРТ и е одговорен за законитото работење на јавниот сервис.

Во таа смисла, по негова препорака и барање, во рамки на неговите надлежности и согласно член 11 од Законот за јавните претпријатија, кој што предвидува дека основачот, во овој случај Собранието на Република Северна Македонија дава согласност на статутот на јавното претпријатие, директорот на МРТ ќе поднесе барање до Собранието за давање согласност на новиот Статут.

Со ова практично се заокружува постапката за донесување на овој клучен подзаконски акт.

Ова претставува последна фаза пред пристапување кон распишување на конкурс за избор на директор и заменик-директор на МРТ, согласно законската рамка.

**Точка 3. Разгледување и усвојување на Извештајот за извршениот редовен Годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ, со состојба на 31.12.2025 година**

Претседателот ја отвори следната точка од дневниот ред, која се однесува на разгледување и усвојување на Извештајот за извршениот редовен годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ со состојба на 31.12.2025 година.

Како што е наведено во доставените материјали, пописот е извршен од страна на формираните пописни комисии, согласно законските прописи и интерните акти што го регулираат начинот на вршење на попис на средствата, обврските и усогласувањето на сметководствената со фактичката состојба.

Во постапката е постапено и согласно надлежностите на Надзорниот одбор на МРТ, кој согласно својата законска и статутарна улога врши надзор над материјално-финансиското работење на МРТ.

Во таа насока, Надзорниот одбор го разгледал Извештајот за пописот и има донесено заклучок со кој дава согласност по истиот.

Со оглед на тоа, улогата на Програмскиот совет во оваа постапка е да го разгледа извештајот и да ја усвои дадената согласност, односно да ја донесе Одлуката за усвојување на Извештајот за извршениот редовен годишен попис.

Пред да ја отвори расправата Претседателот Давор Пашоски, им даде збор на стручните служби на МРТ, односно претставниците од финансиските и сметководствените служби, накратко да дадат образложение по однос на извештајот и предложената одлука, со цел членовите на Советот да имаат поцелосен увид во резултатите од пописот.

Збор зема Немања Михајловиќ монтажер 2 во Одделение за монтажа – претседател на Централна пописна комисија и рече дека на предлог на Директорот на Заеднички функции и администрација се формирани 8 комисии за вршење редовен годишен попис на имотот, ситниот инвентар, потрошниот материјал, готовите производи, побарувањата, обврските, паричните средства и слично со состојба на 31.12.2025 година.

Пописните активности започнале на 01.12.2025 година со подготовка на пописните листи и нивно доставување до членовите на пописните комисии за извршување на физичкиот попис на средствата во МРТ. Комисиите го реализирале пописот совесно и навремено, ги доставиле пополнетите пописни листи со утврдената фактичка состојба до одделенеието за сметководство каде е направена споредба на утврдената фактичка состојба со сметководствената состојба на материјалите и средствата кои биле предмет на пописот.

Со завршување на пописните активности и по утврдувањето и споредувањето на фактичката со сметководствената состојба на средствата, комисиите во своите извештаи доставиле предлог за расход на материјали и средствата (опрема и инвентар од лица и магацини) кои поради нивната долготрајна употреба се физички оштетени, дотраени или се техничко-технолошки застарени.

Во збирниот извештај изработен од Централната пописна комисија се презентирани сите поединечни извештаи на пописните комисии и изработени рекапитулари за предложените основни средства, ситен инвентар и материјали за расход. По усогласувањето на фактичката со книговодствената состојба не се утврдени кусок или вишок на средства.

Пописната комисија утврдила и истовремено дава предлог да се расходуваат одредени средства и ситен инвентар, поради дотраеност и неупотребливост, како и неможност за поправка на истите.

Централната пописна комисија дава три предлога:

1. Предлог расходот на материјалните основни средства и ситен инвентар од пописните комисии да се расходува, да се изврши раздолжување на ракувачите со наведените средства и истите да се пренесат, односно да се предадат во помошни магацински простории.
2. Предлага при секое преместување на основните средства веднаш да се направи записник и со нив да се задолжи новиот ракувач.
3. За реализација на горенаведените активности потребно е да се формира нова пописна комисија во која ќе биде вклучено и стручно лице за техничкиот расход која ќе работи со одговорното лице кое ги води основните средства и ситниот инвентар во одделение за сметководство при МРТ.

Следен зема збор Беким Лачи кој постави прашање дали на дотраени или техничко-технолошки застарени средства се врши замена со нови.

Одговор даде Сузана Николовска, Раководител на Одделението за сметководство, која рече дека се заменуваат со нови, односно дека се прави расход на старите.

Потоа збор зема Миле Грозданоски кој рече дека старите средства за производство треба да се зачуваат, бидејќи содржат архивски материјали кои се од исклучителна вредност.

Сузана Николовска реплицираше дека тие се чуваат во посебна просторија и дека досега ништо не е исфрлено и дека истите се обележани со посебни кодови.

Понатаму збор зема Лазо Трпков кој се интересираше за недвижниот имот во Охрид.

Сузана Николовска појасни дека во самиот Извештај е наведено дека тој имот е даден на трајно користење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и деловен простор од значење од Републиката и тоа со Одлука од Владата на РСМ од 2021 година.

Следна побара збор Маја Седрак која постави прашање дали откако нешто ќе се даде во расход се формира повторно нова комисија и кој го дава предлогот за расходување.

Сузана Николовска одговори дека не се формира нова комисија, односно дека веќе постоечката комисија го дава предлогот за нешто да се расходува и истата комисија го врши расходот.

Потоа Претседателот на Програмскиот совет ја стави на гласање Предлог-одлуката за усвојување на Извештајот за извршениот редовен годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ со состојба на 31.12.2025 година.

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет се заблагодари за продуктивната средба на присутните на 33-та седница на Програмскиот совет на МРТ.
Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Давор Пашоски ја затвори Триесет и третата седница во 15:02 часот.

Записникот го водеше:
Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-1414/5
05.03.2026г.

_________________________
Давор Пашоски